Уп. бр. 08-112

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од АЕКУХ38 ГмбХ, друштво со ограничена одговорност со деловна адреса на Габриеленштрасе 9, 80636 Минхен, Германија преку Дарко Константиновиќ, адвокат од Адвокатско друштво Константиновиќ и Милошевски од Скопје, на седницата одржана на ден 17.08.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која АЕКУХ38 ГмбХ, друштво со ограничена одговорност со деловна адреса на Габриеленштрасе 9, 80636 Минхен, Германија има намера да стекне единствена контрола над САБИК ЕУРОПЕ БВ, приватно друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште во Ситард, Холандија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 17.07.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација од АЕКУХ38 ГмбХ, друштво со ограничена одговорност со деловна адреса на Габриеленштрасе 9, 80636 Минхен, Германија, со која АЕКУХ38 ГмбХ има намера да стекне единствена контрола над САБИК ЕУРОПЕ БВ, приватно друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште во Ситард, Холандија,

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**АЕКУХ38 ГмбХ**, е зависно друштво во целосна сопственост на АЕКВИТА СЕ & Ко. КГаА и дејствува како нејзино друштво за посебна намена (SPV).

Деловните активности на АЕКВИТА СЕ & Ко. КГаА се состојат од инвестирање во посебни ситуации, како што се групни отцепувања, сукцесии и ситуации на реструктуирање.

Трансакцијата се однесува на производство и снабдување со олефини, полиолефини и соединенија.

Во рамките на Групата на АЕКУХ38 ГмбХ нема компании регистрирани во Северна Македонија.

Групата на АЕКУХ38 ГмбХ има остварено приходи во Република Северна Македонија од продажбата на компаниите од нејзиното портфолио Durkopp (производител на иглести валчести лежишта и сродни компоненти) и TMD Friction (меѓународен производител специјализиран за производство на сопирачки за различни типови возила, како што се патнички автомобили, комерцијални возила и мотоцикли).

АЕКУХ38 ГмбХ, на известувањето не е присутен на релевантните пазари во Северна Македонија, ниту преку корпоративно присуство, ниту преку увоз на релевантните производи.

**САБИК ЕУРОПЕ БВ**, е зависно друштво во целосна сопственост на САБИК Интернатионал Холдингс БВ. САБИК Интернатионал Холдингс БВ е зависно друштво во целосна сопственост на Сауди Басик Индустрис Цорпоратион („**САБИК**“), глобална компанија за производство на хемикалии со седиште во Саудиска Арабија.

САБИК ЕУРОПЕ БВ, е активен на релевантниот пазар во Северна Македонија преку увоз на полиолефини на територијата на Северна Македонија и тоа PE -полиетилен и PP – полипропилен.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од

Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**